Ексквизит дооел Скопје
Манапо 2, лок.82
Тел/факс: 02 6153 968; 078 442 052, 078 442 153
Е-адреса: info@ex.mk, www.ex.mk
Жиро сметка: 300000003437813 Комерцијална банка

Дата: 26.06.2024, Скопје

**Летни обуки за студенти и невработени за развој на претприемнички вештини и дигитална трансформација „Зграпчи го летото“**

Со цел промоција и развој на претприемништвото кај младите и невработени лица, Ексквизит во партнерство со Reconomy организира 4 (четири) едукативни обуки за 90 учесници, студенти на факултетски студии и невработени лица кои ќе се одржат во периодот од 12 јули до 23 јули 2024 година кои се наменети за развој на претприемнички вештини за дигитална трансформација и охрабрување за основање на нови старт-ап бизниси и нивна поголема конкурентност на пазарот. Едукативната програма вклучува детална агенда за 8 часа (еднодневна обука), односно 4 обуки кои ќе се одржат на следните термини:
12.07.2024
16.07.2024
19.07.2024 и
23.07.2024 година.

Reconomy како регионална инклузивна програма за економски развој на Шведската Меѓународна Агенција за развој на соработка (Sida) е имплементирана од Helvetas во партнерство со Help и има значајна улога во поттикнување на работните вештини на младите и ова е прва партнерска соработка од ваков вид во земјава. Ексквизит има долгогодишно искуство во реализација на бројни циклуси на обуки за успешното позиционирање на интернет пазарот, додека летниот циклус на обуки **„Зграпчи го летото“** има цел за помасовна едукација на младите идни претприемачи и приближување и запознавање на дигиталното трансформирање на бизнисите.

**Заинтересираните можат да добијат повеќе информации за обуките на obuka@ex.mk или 078 442 052.**